УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Врз основа на член 81 став 8 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 89/22 и 171/22), Директорот на Управата за животна средина и просторно планирање донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за утврдување на потреба од оцена на влијание врз животната средина**

1. Се утврдува потребата од оцена на влијанието врз животната средина **Проектот: Изградба на Коридор 8, делница на Автопат: Тетово – Гостивар, општина Тетово, општина Боговиње, општина Врапчиште и општина Гостивар (km 37+716 – km 53+127).**

2. Обемот на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина е определен во Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, прашања за карактеристиките на проектот, која е составен дел на ова решение.

3. Обемот на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина покрај определената Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, прашања за карактеристиките на проектот, треба ги опфати и прашањата кои се однесуваат на: геолошки и хидрогеолошки аспекти, влијанијата врз сите медиуми на животната средина, визуелни аспекти, биолошка разновидност, кумулативни влијанија, водотеци и водостопански објекти и социо-економски аспекти.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Комплетното решение за утврдување на потребата од спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина за **Проектот: Изградба на Коридор 8, делница на Автопат: Тетово – Гостивар, општина Тетово, општина Боговиње, општина Врапчиште и општина Гостивар (km 37+716 – km 53+127)** да се види на интернет страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.- www.moepp.gov.mk.

**Правна поука**: Против ова решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението.